Македонија

# Лишени од слобода пет лица на територија на СВР Струмица, пронајдена дрога, воздушна пушка и пиротехнички средства

Автор: Деск | 27/11/2025 10:44

Share










## НАЈНОВИ ВЕСТИ

Свет | 29/11/2025 20:00
**Едно лице загина, а 11 се повредени во рускиот напад врз Киевската Област**

Македонија | 29/11/2025 18:48
**Минимален пораст на јавниот долг: Во третиот квартал зголемување за 16 милиони евра или за 0,1 повеќе од пред три месеца**

Македонија | 29/11/2025 18:27
**УЈП ги чешла приливите од странство на граѓаните, на „мета“ тие од 2020 година – ќе се проверуваат и тие до сега**

Свет | 29/11/2025 17:30
**Најмалку 19 лица загинаа при превртување на брод на езеро во Конго**

Македонија | 29/11/2025 16:08
**ЦУК: Поплави и свлечишта во источниот регион по обилните врнежи**

Деск

На 26.11.2025 во 14:50 часот во Гевгелија, полициски службеници од СВР Струмица- ОВР Гевгелија го лишија од слобода Ј.Ќ.(34) од Гевгелија. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, полициски службеници пронајдоа марихуана, предмети со остатоци од марихуана и повеќе предмети за кои постои сомнение дека биле користени за импровизирана лабораторија за одгледување на марихуана.

На 26.11.2025 во 10:40 часот во село Негорци, гевгелиско, полициски службеници од СВР Струмица- ОВР Гевгелија го лишија од слобода З.С.(58), кој престојува во село Давидово, гевгелиско. Врз основа на судска наредба извршен е претрес во неговиот дом, при што се пронајдени две пакувања со марихуана, една воздушна пушка калибар 5.5 мм, за која немал соодветна потврда од надлежен орган за поседување на истата и 42 парчиња пиротехнички средства.

Исто така на 26.11.2025, во 20:15 часот во село Раклиш, радовишко, полициски службеници од СВР Струмица- ОВР Радовиш ги лишија од слобода Д.М.(24) од Струмица, К.Ц.(23) од Струмица и Д.М.(44) од село Раклиш. При преглед на лицата, кај Д.М. (24) од Струмица биле пронајдени пакување со жолта прашкаста материја и пакување со марихуана.




По документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Share



© Copyright - ТВ21